**Министерство за транспорт и врски**

# Предлог на Закон

за изменување и дополнување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти

Скопје, август, 2010 година

## I. Оцена на состојбите во областа што треба да се уреди со законот и причини за донесување на законот

Со Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти (“Службен весник на Република Македонија” бр. 66/2004 и 55/07) пропишани се условите и начинот на определување имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, нумерирање на објектите наменети за живеење и работа, поставувањето и одржување на табли со имиња на улиците и куќните броеви, како и водењето на регистар и евиденција на имиња на улици и куќни броеви. Со законот се пропишани овластувањата на комуналните инспектори на општините, односно градот Скопје во вршењето на инспекцискиот надзор, како и прекршочни санкции за сторителите на прекршоците.

Со оглед на тоа дека се констатира одредена неусогласеност со Законот за прекршоците во делот на постапувањето по барањата за ведење на прекршочна постапка како и заради унапредување на казнената политика, се укажа потреба од изменување и дополнување на законот.

## II. Цели, начела и основни решенија

Со Предлогот на Законот се предлагаат измени и дополнувања кои се во насока на усогласување со Законот за прекршоците во делот на постапувањето по барањата за ведење на прекршочна постапка како и унапредување на казнената политика, се укажа потреба од изменување и дополнување на законот. Со измените и дополнувањата се пропишува постапката по барањата за прекршоците, прекршочна постапка да ја води Комисија за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски, а не суд од причина што со законот се предвидени прекршоци за кои е утврдена глоба пониска од 1000 евра во денарска противвредност за правни лица односно пониска од 500 евра во денарска противвредност за физички лица. Исто така со Предлогот на законот се воведува и едукацијата како мерка пред поведувањето на прекршочна постапка за прекршоците со незначителна опасност.

Предлогот на Законот се заснова на истите начела на кои е заснован законот.

## III. Оцена на финансиските последици од Предлогот на Закон врз Буџетот и другите јавни финансиски средства

Со Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти не се предвидени финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV.Процена на финансиските средства потребни за спроведување на Законот, начин на нивно обезбедување, податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти

Предлогот на Законот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

**Предлог на Закон за изменување и дополнување
на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти**

**Член 1**

Во Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 66/2004 и 55/07), по член 30 се додаваат три нови члена, член 30-а, член 30-б и член 30-в кои гласат:

„Член 30-а

Инспекторите од член 29 став 2 на овој закон инспекцискиот надзор го вршат преку редовен и вондреден инспекциски надзор.

Редовен инспекциски надзор е најавен надзор кој се врши врз основа на програмата за работа на инспекциската служба и опфаќа надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Вондредниот инспекциски надзор е ненајавен надзор и се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, физички или правни лица како и по службена должнос.

Инспекцискиот надзор инспекторите го вршат на начин и постапка пропишани со Законот за инспекциски надзор.

Постапка за едукација

Член 30-б

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор комуналниот инспектор на општината односно на градот Скопје утврди дека е сторена неправилност од член 13,14,16 став 2 и 23 став 1 и 2 од овој закон, должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со едновремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

Едукацијата ја организира и спроведува комуналниот инспектор на општината односно на градот Скопје, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведува за повеќе утврдени исти или истородни неправилности, за едно или повеќе лица.

Доколку во закажаниот термин лицето над кое се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето над кое се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

Доколку комуналниот инспектор на општината односно на градот Скопје при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став 1 од овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор, а доколку утврди дека не се отстранети утврдените неправилности, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисија за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Општината води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

Член 30-в

Општините за извршените инспекциски контроли, изготвуваат квартални извештаи и ги објавуваат на својата web страница“.

**Член 2**

Член 37 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 400 до 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на службеното и одговорното лице во општината односно Градот Скопје доколку во општината односно Градот Скопје не се води електронска евиденција (член 26 став 1 )“.

**Член 3**

Член 38-а се менува и гласи:

Кога инспекторите од член 29 став 2 на овој закон ќе утврдат дека е сторен прекршок од член 33, 34, 35, 36 и 38 на овој закон ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка до Комисија за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

За прекршоците од став 1 на овој член, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисијата од став 1 на овој член ќе спроведат постапка за порамнување.

Кога инспекторите од член 29 став 2 на овој закон ќе констатираат прекршок од став 1 на овој член составуваат записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место. Записникот го потпишува овластеното службено лице и сторителот. Ако сторителот го признае прекршокот службеното лице ќе му издаде платен налог заради наплата на глобата за прекршокот.

Со потписот на платниот налог се смета дека сторителот на прекршокот се согласува да ја плати изречената глоба.

Сторителот на прекршокот од став 1 на овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог на сметка на Буџетот на Република Македонија означена во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот утврден во овој став ќе плати само половина од изречената глоба.

Доколку сторителот на прекршокот одбие да се потпише на платниот налог инспекторите од став 1 на овој член, ќе евидентираат дека лицето одбило да се потпише и истите ќе се потпишат со полно име и презиме на платниот налог.

Ако сторителот на прекршокот од став (1) на овој член не ја плати глобата во рокот утврден во платниот налог инспекторите од став 1 на овој член ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисија за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Инспекторите од од став 1 на овој член се должни да водат евиденција за прекршочните постапки за порамнување.“

**Член 4**

Подзаконскиот акт од член 38-б на овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од влегувањето во сила на овој закон.

**Член 5**

Се овластува Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во во „Службен весник на Република Македонија“.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**I. Објаснување на содржината на одредбите на Предлог законот.**

Со предложеното изменување и дополнување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, се предлагаат измени и дополнувања на Законот во делот на вршењето на инспекцискиот надзор и на прекршочните одредби заради нивно усогласување со Законот за инспекциски надзор, Законот за прекршоците и со цел за унапредување на казнената политика во Републиката.

Со одредбите од Предлогот на Законот се додава нова одредба во делот на вршењето на инспекцискиот надзор, се менува одредбата од законот со која е утврден прекршок на одговорното лице во општината, односно градот Скопје, доколку во општината односно градот Скопје не се води електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти. Исто така, со член 3 се предлага прекршочната постапка да ја води Комисија за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски, а не суд, од причина што со законот се предвидени прекршоци за кои е утврдена глоба пониска од 1000 евра во денарска противвредност за правни лица односно пониска од 500 евра во денарска противвредност за физички лица. Со Предлогот на законот се воведува и едукацијата за прекршоците со незначителна опасност, како мерка која се спроведува пред поведувањето на прекршочна постапка, како и измени на одредбите во законот во делот на посредување при констатирани неправилности, така што се предлага порамнување со издавање платен налог, наместо посредување.

**II. Меѓусебна поврзаност на решенијата содржани во предложените одредби**

Решенијата содржани во предложените одредби се мегусебно поврзани и се со цел за соодветна практична имплементација на постојните законски одредби.

**III. Последици што ќе произлезат од предложените решенија**

Со усвојување на предложените решенија ќе се постигне прецизирање на одредбите на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти и нивно целосно усогласување со Законот за прекршоците.

**ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ ОДНОСНО ДОПОЛНУВААТ**

**Член 37**

Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното лице во општината, односно градот Скопје, доколку не води автоматизирана евиденција (член 26 став 1 ).

**Член 38-а**

За прекршоците утврдени со овој закон комуналниот инспектор на општината, односно градот Скопје може на сторителот на прекршокот да му понуди посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги отстрани последиците од прекршокот.

Комуналниот инспектор на општината, односно градот Скопје во случаите од ставот 1 на овој член, составува записник во кој се констатира согласноста на двете страни за покренување на постапката за посредување кој го потпишува и сторителот на прекршокот.

Постапката за посредување се покренува со барање од страна на комуналниот инспектор на општината, односно градот Скопје во рок од осум дена од денот кога е констатиран сторениот прекршок.

Согласноста за посредување треба да се постигне во рок од осум дена од денот кога е започната постапката за посредување, која се води пред Комисија за посредување формирана од министерот за транспорт и врски.

Комисијата од ставот 4 на овој член е составена од три члена од кои еден е претседател.

Членовите на Комисијата се избираат од редот на државните службеници вработени во Министерството за транспорт и врски.

Претседателот е должен да ја започне постапката на Комисијата во рок од 24 часа од денот кога е пристигнато барањето од ставот 3 на овој член.

Комисијата работи на седница со задолжително присуство на претставници на сторителот на прекршокот и комуналниот инспектор на општината, односно градот Скопје.

За склучената согласност по посредувањето се составува спогодба во која се констатира согласноста на двете страни.

Во спогодбата се утврдуваат обврските на сторителот на прекршокот, а особено:

- висината и начинот на плаќање на глобата,
- висината и начинот на плаќање на други давачки и трошоци и
- мерките кои треба да ги преземе сторителот со цел да ги отстрани
последиците од прекршокот.

Во случаите во кои е постигната согласноста за порамнување, глобата на сторителот може да биде намалена u1085 најмалку за една половина од максимум пропишаната глоба за прекршокот.

Министерот за транспорт и врски донесува деловник за работа на Комисијата.

Комисијата за посредување е должна да води евиденција за поведените постапки за посредување и за нивниот исход.

Спогодбата од ставот 9 на овој член има сила на извршна исправа.

Ако постапката за посредување не успее, комуналниот инспектор поднесува барање за прекршочна постапка.